**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за законодавство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-Секретаријат за законодавство-
Бр. 01-4485/2
01. 12. 2017 20 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Мисија:**
Секретаријатот за законодавство ја обезбедува конзистентноста на правниот систем, ги усогласува предлозите на законите и другите прописи со Уставот на Република Македонија, со законодавството на Европската Унија и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија и дава стручни-правни мислења по прописите на општините за кои тоа Министерството за локална самоуправа ќе го побара.

**Визија:**
Секретаријатот за законодавство преку давањето на стручни-правни мислења има за цел да се постигне методолошко единство во подготвување на законите и другите прописи со што ќе се обезбеди конзистентност на правниот систем, како и да придонесе за постигнување на компатибилноста на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија и оценка на усогласеноста на националното законодавство со легислативата на Европската Унија.

Политиката за квалитет на **Секретаријат за законодавство на Владата на Република Македонија** се базира врз следните основни начела:

- Давање на стручна помош на органите на државната управа и други државни органи преку давање на стручни правни мислења по предлозите на законите и другите прописи;
- Проучување на прашања од областа на правниот систем и давање по истите стручни мислења и предлози на органи на државна управа и Владата на Република Македонија;
- Зајакнување на компетентнотста на вработените преку континуирана едукација на персоналот како и развивање на соработка со сите заинтересирани страни;
- Грижа за објавување на прописите и другите акти на министрите кои раководат со министерствата и функционерите кои раководат со други органи на државната управа во „Службен весник на Република Македонија“.
- Континуирано унапредување и подобрување на Системот за менаџмент со квалитет низ постојано усовршување на процесите;
- Обука за поттикнување на свеста на вработените за заштита на животната средина, како и обезбедување на здрава работна средина во Секретаријатот со цел заштита на здравје и безбедноста на вработените.

Политиката за квалитет е достапна на јавноста и претставува обврска за сите вработени.

Дата

01.12.2017

**СЕКРЕТАР**

**Лила Пејчиновска Миладиновска**